Почитувани колеги,

Со големо задоволство Ве известуваме дека во организација на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје при УКИМ и организацијата "InnovaWOOD" од Брисел, од 14 до 17. 09. 2021 год во Универзитетскиот конгресен центар во Охрид ќе се одржи 5 - та меѓународна научна конференција на тема: „WOOD TECHNOLOGY & PRODUCT DESIGN".
Целта на конференцијата е да се поттикне научна дебата за улогата на науката во современите трендови во развојот на индустријата за производство на мебел, ентериер и дизајнот на призводи.
Ве покануваме да дадете свој придонес и да земете активно учество на конференцијата.
Планирано е објавување на зборник на трудови. Со согласност на авторите трудовите ќе се објават (после рецензија) и во меѓународното научно списание „Wood, Design & Technology" индексирано во "EBSCO" базата на научни публикации.
Презентацијата на трудовите може да биде со лично присуство (орална или постер презентација) како и online.

Подетални информации за техничките пропозиции за пријавување и изработка на трудовите како и значајните датуми можете да најдете на веб страницата на конференцијата:

Website: http://www.fdtme.ukim.edu.mk/en/conference-2021/index.htm
Контакт mail: wood.conference@fdtme.ukim.edu.mk

Со задоволство Ве очекуваме на конференцијата!

Со почит,
Организационен одбор на конференцијата